# Тамара ќе се пресели во Белград за да го чува внукот



"Тијана супер се снаоѓа во улогата на мајка. Жал ми е што не можам да бидам со неа за да ѝ помагам", ни рече Тамара Тодевска, која пред две недели стана тетка на малиот Вук, првото дете на нејзината сестра Тијана.

"Бев во Белград само два дена, кога Тијана се породи, а потоа поради обврските се вратив во Скопје. Тијана и Вук сега се учат да цицаат, а Милан навечер станува да ѝ помогне и постојано се жали и вели: 'Ќе спијам ли јас некогаш?' За среќа, мајка ми е таму и држи сѐ под контрола", вели Тамара.

Поп-пејачката едвај чека да дипломира на Музичката академија, отсек соло-пеење. Ѝ остануваат уште два испита до крајот. Паралелно, таа го подготвува и вториот албум, на кој ќе слушнеме песни од Калиопи, Дарко Димитров, Роберт Билбилов, Врчак и од уште неколкумина познати автори.

Тамара ни откри дека штом малку ќе се ослободи од обврските, привремено ќе се пресели во Белград и ќе се посвети на чувањето на внукот. *(М.Џ.)*

# Нема билети за "Златна буба мара на популарноста"

Билетите за "Златна буба мара на популарноста", манифестацијата што ќе се одржи в среда во Универзалната сала, се распродадени. Организаторите нѐ информираа дека ниту на билетарницата во салата ниту во радиото "Буба мара" има билети.

- Луѓето што живеат во близина на Универзалната ни рекоа дека се чекало на ред. Како да се продаваат акции по намалена цена - ни рече првиот човек на манифестацијата Ранко Петровиќ.

Тој и неговиот тим велат дека и 12. издание на "Златна буба мара" ќе биде значајно историско шоу за паметење. Од сценариото, кое секоја година се држи во тајност, познато е само дека Сашо Коцев ќе биде водител, а наградата за животно дело ќе оди кај Гарабет Тавитјан. Радиото "Буба мара" ќе врши директен пренос во 20.30 часот, а ТВ-снимката ќе се емитува одложно, на телевизијата "Канал 5", в четврток во 20.30 часот.

Билетите се продаваа по цена од 650 денари, а ВИП-влезниците за централните ложи чинеа 1.000 денари. *(М.Џ.)*

## КЛАБИНГ ИНФО

Вечерва во клубот **"Колосеум"** ќе гостува еден од светски најпочитуваните диџеи во последните две декади - Џон Аквавива. Тој неколку пати досега има гостувано во "Колосеум" и публиката го памти по одличните журови и инвентивните, стилски неограничени и непредвидливи сетови. Диџеј кој е на врвот од клупската сцена уште од 1987 година и продуцент со многу клупски хитови зад себе. Пред него ќе настапи диџеј Никифор. Журот ќе почне во 23 часот, а цената на влезниците е 300 денари во претпродажба (низ скопските кафулиња) и 400 на врата.

********************

Утре на **Скопски саем** диџеј Лестат или човекот попознат како Таламаска ќе има настап во живо и диџеј-сет. Тој е овде за промоција на својот претстоен соло-албум, како и албумот што го работи заедно со францускиот фул-он проект "Кси ес и". Домашна поддршка вечерта ќе му бидат Бушава Азбука, Навигатор и Сателајт. Почетокот е во 23 часот, а цената на влезниците е 300 денари во претпродажба во "Југотон".

********************



Да Џака Накот

Денес во 20 часот во клубот **"Хавана"** во Скопје ќе се одржи целовечерен концерт на Да Џака Накот и на "Колективното свесно наметнато". Ова ќе биде прва концертна промоција на "Прирачник за модерна војна", последниот албум на Да Џака и на КНС, кој беше издаден во декември како додаток на магазинот "Авантгарда". Гости на вечерта ќе бидат Легијата, Синди и гостинот од Хрватска - Ем-Си Сани, кој е нов член на "Шурикен рекордс". Концертот ќе започне во 21 часот, а билетите ќе се купуваат на врата по цена од 150 денари.

********************

Вечерва во **"Инди паб"** британскиот продуцент Синемон Чејсерс ќе има настап во живо. Тој до 2008 година издаваше музика под името Абакус. Станува збор за соло-проект на Рас Дејвис, артист со уникатен стил на создавање и презентирање на својата музика. Критиката го опишува Синемон Чејсерс како еден од најсовремените носители на спејс-ејџ електропоп-музиката и продуцент кој прави перфектна фузија на влијанијата од минатото и од модерната електронска музика. Во 2008 година издаде повеќе синглови и и-пија, а напролет се очекува неговиот деби-албум. Вечерта Дарко Јорданов ќе има диџеј-сет. Почетокот е во 23 часот, а влезниците се по 100 денари.

*******************

Вечерва во клубот **"Ретокс"** во Скопје - транс-вечер во организација на "Дистант поинт". Гостуваат тројца српски артисти: Зајс и Ектима со настапи во живо и Флегма со диџеј-сет. Влезниците се по 200 денари. Утре таму - диџеј-сет на Мирко Попов, а в недела "2 години Битнекс" со Марчин од "Оф поп" и Аргеади, Кинѕо и Танимед. Во **"Инди паб"** утре диџеите од "Полукс" Мисс Флудер и Мачки ќе имаат диџеј-сетови. Во клубот "Сектор 909" вечерва се Дени Трајков и Маци, утре Зоки Бејбе и Александар Мискоски, а в недела Сканкс и Боби. Вечерва во мезе-барот **"Сопотско"** е Јане од "Оф поп", а утре Иан Штраф од "Три минитс ин д' рејн". Вечерва во **"Алка"** се Кинѕо и Танимед. Денес, на попладневна забава со почеток во 16.30 часот, Соња Исмаил пушта музика во **"Круг"**, а утре во кафекнижарницата **"Магор"**. Во **"Чакра"** утре - Мисс Флудер и Базел, Дарко Марковски вечерва е во кафулето **"Љубов"**, Коштан и Дарко Пацки се во барот "Филис". В недела во клубот **"Кастро"** - драменбејс-вечер со Гејмовер. Во арт-кафулето **"Мала станица"** утре настапува џез-квартетот "Некст ту сајланс". Во клубот **"Импакт"** во Велес вечерва е Александар Мискоски, а утре Маци.

i.iliev@vest.com.mk